АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4718 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** од 01.01.2015 до 31.12.2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот во Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување за 2015 година – точка 10 (бр.03-1791/1 од 29.03.2016 година) и известувањата од 25 април и 21 јули 2016 година (наш бр.03-2493/2 од 25.04.2016 година и наш бр.03-2493/3 од 21.07.2016 година), **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според податоците, радиодифузерот во 2015 година, емитувал повеќе европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, од кои поголем дел се произведени во последните пет години, а кои се набавени бесплатно. Оттаму, радиодифузерот неможе да прикаже колкав дел од буџетот наменет за програми во 2015 година, бил издвоен за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***